ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-96/5**

**Дата: 15.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Делчево за 2008 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Делчево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Делчево за 2003 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции, даденото мислење е негативно.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :
- Мирко Иванов, градоначалник на општина Делчево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 19.10.2009 до 30.10.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија, со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 15.02.2010 година примени се забелешки на Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на општина Делчево за средствата на сметката на Буџетот, под број 11 – 551/1 од 15.02.2010 година, од Градоначалникот на општина Делчево. Истите се разгледани при што е одлучено следното :

- забелешките кои се однесуваат во наодите од точките **10.2.1. и 10.2.4. не се прифаќаа**т и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што на ревизијата не и беа доставени нови докази;
- забелешките на точка **10.2.2. и 10.4.1. делумно се прифаќаат** од причина што на ревизијата и се доставени дополнителни документи кои за време на ревизијата не ни беа презентирани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

11.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште. Причината за овие ризици произлегува од: немање јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, сегрегација на надлежностите кај вработените во одделението за урбанизам и одделението за уредување на градежно земјиште и изградба и одржување на локални патишта и улици и немање пишани процедури.
Невоспоставената контрола на пресметката за утврдување на висината на надоместокот и наплатата на истиот придонесува за постоење на ризик од нереално утврдени и наплатени приходи по овој основ.

**Препорака:**
Градоначалникот да донесе пишани процедури и да се воспостави контрола на пресметката за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и контрола на наплатата.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Општина Делчево нема донесено буџетски календар за 2008 година, во кој ќе се утврдат роковите за планирање на општинскиот буџет, односно роковите во кои до општинските буџетски корисници се доставуваат главните насоки за изготвување на финансиските планови, роковите во кои општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и рокот во кој градоначалникот го доставува предлог буџетот до Советот на општината. Не донесувањето на буџетскиот календар е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и придонесува за постоење ризик од ненавремено спроведување на буџетскиот процес. Буџетскиот календар донесен во март 2008 година не може да се однесува на буџетот за 2008 година бидејќи буџетскиот процес е завршен.

**Препорака:**
- Одделението за општи, правни и финансиски работи и јавни дејности да изготви буџетски календар во кој јасно ќе бидат дефинирани роковите за навремено спроведување на буџетскиот процес
- Буџетскиот календар да биде донесен до месец март во тековната година за буџет за наредната година.

11.2.2 Општина Делчево издала Одобрение за градење на правен субјект, врз основа на склучен договор за одложено плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште (плаќање на рати), на вкупен износ од 972 илјади денари од кои 50% од надоместокот е платен веднаш а остатокот од надоместокот 486 илјада денари се плаќа на рати. Со договорот за плаќање на рати не е предвидено обезбедување на инструмент за обезбедување на плаќањето, што не е во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи. Дадена е можност за плаќање на седум рати што е спротивно на Програмата за уредување на градежното земјиште за подрачјето на општина Делчево за 2008 година, каде е предвидено плаќање најмногу до 5 рати.
Одложеното плаќање не обезбедено со инструмент за обезбедување на плаќањето, може да доведе до намалени изворни приходи во буџетот на општината и ненавремена наплата на приходите.

**Препорака:**
Во случаите кога надоместокот за уредување на градежно земјиште е регулиран да се плаќа на рати кое е регулирано и со измените во Законот за градење од 2009 година, плаќањето да биде обезбедено со инструменти за обезбедување на плаќањето кое ќе биде регулирано и со Програмата за уредување на градежното земјиште.

11.2.3. Општина Делчево има издадено деловен простор под закуп на физички и правни лица, за што се склучени договори во периодот 2001 – 2008 година, со рок на важност од една до 25 години со можност за продолжување и еден договор на неопределено време. Во 2001 година објавено е Барање за прибирање на понуди за издавање на користење простории - објекти во сопственост на општина Делчево. Од страна на стручните служби утврден е периодот на издавање од најмалку 20 години и е утврдена цената за три групи објекти. На ревизијата не и беше презентирана Одлука од Советот на општината и записник од извршениот избор, што се сведува на немање постапка за јавно надавање што е спротивно на Законот за локална самоуправа..
Давање на користење на имот на општината на други субјекти, спротивно на законските прописи создава можност за фаворизирање одредени субјекти, ја спречува конкуренцијата и придонесува за остварување нереални приходи.
Кај дел од склучените договори е вградена обврска закупопримачот да изврши градежни работи од аспект на заштита на објектот за сметка на закупнината. На

ревизијата не и беа презентирани веродостојни документи како доказ за извршените вложувања.

**Препорака:**

- за располагање со стварите во сопственост на општината, Советот на општината да донесе интерен акт ;
- одделението за финансии по утврдување на извршените вложувања, истите да ги евидентира во сметководствената евиденција доколку се работи за инвестициони вложувања.

11.2.4. Во текот на 2008 година општина Делчево има остварено приходи во износ од 1,711 иљада денари од издавање под закуп на деловен простор и закуп на рекламен простор во општинскиот весник. За приходите кои ги остварува од издавање на деловни простории под закуп и закуп на рекламен простор, општината како правен субјект не се регистрирала како даночен обврзник за ДДВ, а била обврзана да го направи истото согласно член 10 и 51 од Законот за данокот на додадена вредност. Поради тоа  не е пресметан, наплатен и платен ДДВ во корист на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

**Препорака**:
Општина Делчево да изврши регистрација како ДДВ обврзник за делот на приходите кои ги остварува по основ на закупнини согласно Законот за данокот на додадена вредност.

## 11.3 Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.3.1. Општина Делчево во 2008 година има блокирана жиро сметка и со решение од Основниот суд Делчево врши плаќања кои се неопходни за функционирање на локалната самоуправа. И покрај блокадата која е присутна повеќе години Министерството за финансии нема преземено мерки согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Општината не е влезена во втора фаза фискална децентрализација за надлежностите кои треба да се финансираат со блок дотации. И покрај тоа што не и се пренесени надлежностите, во 2008 година кај буџетски корисници од областа на културата и детската заштита ( библиотеката и детската градинка) вработени се пет лица со согласност од градоначалникот, без да се добие согласност од надлежното министерство, за кои се исплатени бруто плати во вкупен износ 426 иљади денари, што е спротивно на одредбите од Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината во соработка со централната власт и со економично трошење на средствата да придонесе во функција на надминување на блокадата на сметката.

## 11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.4.1. Позициите Побарувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31 декември 2008 година се нереално проценети, односно помалку се искажани за износ од 276 иљади денари за не евидентираните побарувања по основ на надомест за уредување на градежно земјиште.
Општина Делчево не ги евидентира побарувањата по основ на договори склучени за плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште, што е спротивно на Закон

за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажани билансни позиции во Билансот на состојбата.

**Препорака:**
Надлежните служби во општината да ги евидентираат побарувања по основ надомест за уредување на градежно земјиште во сметководствената евиденција и да донесат акт за воспоставување на сметководствена политика за евидентирање на сите видови побарувања.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 11.2.2., 11.2.3., 11.3 и 11.4. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Делчево на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Делчево.

**14. Обелоденување**

14.1. Сметката на општина Делчево е блокирана со судски извршни решенија за неплатени обврски кон физички и правни лица, јавно претпријатие и Буџет на Република Македонија наследени од претходни години по основа на главен долг и камати кои не се целосно пресметани
Во текот на 2009 година има извршено продажба на имот на општината со што оваа блокада е намалена.
Обрнуваме внимание дека општина Делчево е тужена странка во судски спорови врз основа на:
- долг, камата и иселување од деловен простор во вкупен износ од 1.044 илјади денари во спорови со осум правни лица;
- за износ од 533 илјади денари од тринаесет физички лица по основ на побарување за плати, придонеси за ПИО, работен спор, надомест на штета, и
- по пресуда за кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување, на општината треба да и се конфискува имотната корист што обвинетиот ја прибавил во износ од 823 илјади денари.

Општината е тужител во спорови со:
- пет правни и физички лица за износ од 96 илјади денари по основ на долг, и
- по донесено судско решение приговорот на општина Делчево се прифаќа и преземените извршни дејствија од страна на извршителот се ставаат вон сила по што упатено е барање од страна на општината за враќање на износот од 653 илјади денари.

Конечната разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти и врз финансиските извештаи на општина Делчево за годината која завршува со 31.12.2008 година.

Скопје 08.03.2010 година　　　　　Овластен Државен Ревизор

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3,1 | 27.739 | 23.124 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 3.470 | 2.272 |
| Капитални приходи | 3.3. | 351 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 20.480 | 18.040 |
| **Вкупно приходи** | | **52.040** | **43.436** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 17.753 | 13.012 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 157 | 10 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 17.747 | 10.760 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 4.363 | 3.242 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 139 | 129 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **40.159** | **27.153** |
| **Капитални расходи** | **3.6.** | **8.921** | **13.045** |
| **Вкупно расходи** | | **49.080** | **40.198** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **2.960** | **3.238** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2008 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 2.960 | 3.238 |
| Побарувања | 4.1.2 | 11.412 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **14.372** | **3.238** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **14.372** | **3.238** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 14.372 | 3.238 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **14.372** | **3.238** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **14.372** | **3.238** |